АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 10-922/1
25.12.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP



# СТРАТЕГИСКИ ПЛАН
# НА
# Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) за периодот 2024-2026 година

декември, 2023 година

Врз основа на член 158 - ѕ точка 10 од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/18) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019 и 31/2020 и 173/2022), Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија" бр. 88/2005; 70/2006; 81/2008; 47/2011; 135/2011, 112/2014 и 145/2015) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.220/2019), член 13 алинеја 11 од Статутот бр. 02-822/1 донесен на 4.12.2019 година, Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, на седница на Совет на експерти, одржана на ден 25.12.2023 година донесе

**СТРАТЕГИСКИ ПЛАН**
**НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**ЗА ПЕРИОДОТ, 2024-2026 година**

## I. ВОВЕД

Последниве години е очигледно дека промените се навистина новото нормално и тоа го гледаме низ суштински промени кои ни се случуваат почнувајќи од појавата на пандемијата од коронавирусот. Всушност, сведоци сме на трансформација на нашето општество.

Економското заздравување од COVID-19, геополитичките случувања, вклучувајќи ги човечките, политичките и економските влијанија од Руската инвазија на Украина, зелената и дигиталната транзиција. Овие се темите кои преовладуваат на ударните вести и кои ги насочуваат програмите за работа на политичарите, креаторите на политики и бизнисите.

Во овие времиња на промени и трансформација, основните цели на Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) остануваат исти. Ние сме тука да поддржиме здрав и квалитетен осигурителен сектор кој е во функција на задоволување на барањата за осигурување на граѓаните, бизнисите и на економијата. Во услови на константен развој на ризици и предизвици, АСО ќе продолжи да придонесува за заздравување на македонската економија преку градење на поотпорен осигурителен сектор и понатамошно усогласување и прифаќање на европската осигурителна супервизорска култура.

АСО внимателно го набљудува преминот во економскиот наратив, во кој долготрајното окружување на ниски приноси и ниска инфлација се заменува со спој на растечка инфлација и неизвесен раст, и ќе стори сѐ што е во нејзина надлежност и моќ да ги ублажи долгорочните негативни ефекти врз осигурениците, корисниците на осигурување, и останатите чинители на осигурителниот пазар.

Трансформацијата исто така дава шанса на можностите. Знаеме дека ЕУ посебно внимание посветува на зелената и на дигиталната трансформација. АСО ќе придонесе преку регулативата и супервизорскиот пристап друштвата за осигурување да бидат клучните чинители во управувањето

и финансирањето на праведна економска транзиција, давајќи придонес кон остварување на општествените потреби за осигурителни покритија, и понатамошен развој на пазарот на капитал во земјата.

Изминатите години постојано растат ризиците кои паѓаат на товар на потрошувачите на финансиски услуги. Во социјалниот пензиски систем, транзицијата од дефинирани планови на исплати на пензии кон дефинирани планови на уплати на придонеси за пензија во суштина ги пренесува инвестициските и останатите ризици од индустријата на потрошувачите. Во делот на осигурување, ова е особено изразено и актуелно кај друштвата за осигурување на живот кај кои е извесна голема промена во портфолиото на осигурителни продукти каде има значајно намалување на договорите за осигурување на живот со гарантирано учество во добивката на осигуреникот за сметка на т.н. unit-linked договори за осигурување на живот поврзани со удели во инвестициски фондови каде осигуреникот го превзема ризикот од вложувања, и каде приносот од вложените средства по овие договори е единствено условен од движењата на пазарните вредности на уделите во кои се вложени средствата. Понатаму, осигурителните и пензиските производи се понекогаш премногу сложени, не секогаш дигитално разбирливи, и се нудат во пакет кој содржи многу текстуални информации во форма на услови за осигурување кои за осигурениците е тешко да ги разберат во смисла на целосниот опфат на ризици кои се покриени со осигурувањето или пак исклучоци што не е покриено со осигурувањето. Во настојувањето да обезбеди соодветна капитализираност, добро корпоративно управување и управување со ризиците, АСО со исто внимание ќе се посвети на справување со предизвиците поврзани со поднесените претставки и добиената корист за вложените средства во форма на премии за осигурување, како и зајакнување на финансиската едукација, со цел да се обезбеди дека производите ги задоволуваат највисоките очекувања на потрошувачите како и потребата за разноликост и вклученост.

АСО исто така ќе продолжи да ги идентификува и соодветно да се справува со глобалните, и спрецифични за секторот, ризици, како и со растечките економски неизвесности, со цел да се зајакне отпорноста на општеството и да се зачува довербата во финансискиот систем. Иако претставува голем предизвик, АСО ќе се залага да се зголеми свесноста и ќе придонесе за пронаоѓање на решенија за идентификување и намалување на постојните системски разлики и несоодветности во осигурителната и пензиска заштита. Присутни се бројни ризици, од стареење на популацијата, до климатски промени, и од кибернетички до пандемиски, кои би можеле да имаат потенцијални системски влијанија, и оттука бараат подобрени решенија на осигурителни покритија.

Добрата супервизија зависи во прв ред од добрата регулатива. Во времиња на трансформација, клучна е заедничката заложба на регулаторите и супервизорите да одржат чекор со пазарните случувања. Регулативата треба да остане здрава и да е соодветна на потребите, одразувајќи ги општествените и пазарни услови, како и растечката сложеност на глобалните текови и испреплетени влијанија помеѓу секторите. Сè почесто сме сведоци дека регулативата има допирни точки со други области за кои е потребна експертиза и засилена соработка со останатите регулатори. Сè повеќе се јавува потребата од зајакната меѓуинституционална соработка и конзистентност на политиките за решавање на финансиски институции а со цел подобрена заштита на потрошувачите и одржување на финансиската стабилност. Над се, е потребно на супервизорите да им бидат достапни сите неопходни алатки и надлежности да ги продлабочат нивните разбирања

за новите предизвици и да можат ефикасно да се справуваат со истите. АСО ќе продолжи да учествува во работата на супервизорските колеџи кои имаат за цел размена на информации и податоци за работењето на осигурителните компании членки на осигурителни групи со цел навремено идентификување на ризици и спречување на неусогласености.

## II. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Стратегискиот план е документ кој се донесува врз основа на мисијата, визијата и организациските принципи и вредности на Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО). Планот ги содржи основните стратегиски цели за работа, во периодот од 2024 до 2026 година.

Стратегискиот план се изготвува во зависност од економското окружување, предизвиците во осигурителната област и претставува основа за подготовка на годишните планови и програми за работа на Агенцијата за супервизија на осигурување.

## III. МАНДАТ И НАДЛЕЖНОСТИ

Основните цели на Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) се утврдени согласно Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/18) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019 и 31/2020 и 173/2022), Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија" бр. 88/2005; 70/2006; 81/2008; 47/2011; 135/2011, 112/2014 и 145/2015) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.220/2019) и други закони како Законот за доброволно здравствено осигурување, Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од областа на капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, Законот за заштита на лични податоци, Законот за облигациони односи, Законот за финансиска стабилност и други релевантни закони.

## IV. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ВРЕДНОСТИ

Мисијата на АСО произлегува од законски утврдените цели, истата е видлива преку функцијата АСО да се грижи за законито функционирање на пазарот на осигурување, обезбедување на стабилен и транспарентен пазар, заштита на правата на осигурениците и натамошен развој на пазарот преку придонес за финансиска едукација и поголема финансиска вклученост на населението.

Визијата на АСО е да биде препознаена како независна, професионална, одговорна и транспарентна институција која ужива висока доверба во јавноста.

Вредностите на АСО се утврдени од раководството во соработка со вработените. При остварување на стратегиските цели АСО ги применува принципите на:

<u>Одговорност</u> - АСО ќе реагира на брз и разбирлив начин, доследно ќе ги реализира мисијата и целите и ќе промовира интегритет на пазарот на осигурување;

Квалитет – остварување на целите на АСО, очекувањата на вработените, клиентите и корисници на услугите на АСО, преку постојано подобрување на стандардите во работењето;

Совесност - во спроведување на своите активности АСО ќе се раководи од највисоките етички стандарди во комуницирањето и соработката со сите учесници;

Транспарентност - пласирање квалитетни информации за пазарот на осигурување, навремено и отворено информирање на јавноста, истовремено почитувајќи ја тајноста и доверливоста на личните и деловните податоци како и обезбедување навремено и јасно информирање на вработените;

Ефикасност - навремено постапување по барања доставени до АСО;

Отчетност – навремено изготвување и усвојување на финансискиот план, финансиските извештаи на АСО, годишниот извештај за работењето на АСО и годишниот извештај за состојбата на пазарот на осигурување;

Грижа за човечкиот капитал - унапредување и објективно вреднување на вештините, знаењето, времето и вложениот труд на вработените, обезбедување синергија и култура на споделување на знаењето и тимската работа.

## V. СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ НА АСО

Стратегискиот план опишува како АСО ќе ги одржи и прилагоди своите надлежности во одржување на стабилен, сигурен и транспарентен осигурителен пазар со цел зајакнување на довербата на потрошувачите, ќе продолжи да работи самостојно и ефикасно да се справува со предизвиците во осигурувањето, глобализацијата, дигитализацијата, климатските промени, појавата на нови осигурителни производи и ќе поддржува проактивно однесување и одговарање на трендовите.

Во наредниот тригодишен период Агенцијата за супервизија на осигурување подеднакво ќе биде насочена кон активности и проекти кои ќе ги поддржат следните стратегиски цели:

- **Унапредување на институционалниот и административен капацитет**

Во претстојниот период АСО ќе продолжи со прецизно лоцирање на потребните ресурси и можности да го зајакнува својот административен капацитет, да се справува со сите промени кои стојат на патот до достигнување на стратешките цели. Тоа е важно за стратешките прашања, за развојот на АСО и развојот на македонскиот осигурителен пазар.

Како член на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (ИАИС), АСО ќе ги следи и имплементира принципите и стандардите на ИАИС кои промовираат вредности на независност и самостојност во работењето на осигурителните регулатори. Во овој контекст од аспект на натамошно законско усогласување и обезбедување на целосна финансиска, оперативна и организациска независност, АСО ќе дава предлози и иницијативи за подобрување на законската рамка со цел обезбедување на целосно имплементирање на вредностите на независност и самостојност на нејзино функционирање и работење.

Од клучно значење ќе биде зајакнувањето на административните капацитети, управувањето со човечките ресурси преку зголемување на ефикасноста и мотивираноста на вработените, задржување на постојниот стручен кадар, зајакнување на процесот на селекција при вработување на нов кадар, зголемување на мотивираноста на вработените и следење и оценка на остварувањето на целите.

Со цел обезбедување квалитет и континуитет на работата и носење на издржани одлуки, АСО конзистентно ќе ги спроведува донесените акти и стратегии: Политиката за квалитет- МКС EN ISO 9001:2015, Политиката за интегритет, Стратегијата за спречување на корупцијата, Политиката на приватност, Стратегијата за управување со ризици, и други акти и системски процеси. АСО ќе ги одржува информациските системи, ќе го одржува и надградува системот за управување со документи заради ефикасно следење на процесите. Воедно ќе одговара на регулативи и барања од бројни области: Законот за финансиска стабилност, Законот за облигациони односи, Законот за заштита на лични податоци, Законот за заштита на укажувачи, Законот за пристап до информации од јавен карактер и др.

Активностите на внатрешна ревизија ќе се одвиваат преку систематски, дисциплиниран и ризик-базиран пристап на работа, со цел придонесување за подобрување на процесите на раководење и работење.

Во своето работење АСО ќе продолжи да го применува концептот на општествена одговорност како збир на сите економски, правни и етички очекувања од заедницата со цел постигнување повисоки заеднички и општествени цели.

Главни активности и проекти:

- Унапредување на процесите за управување со човечки ресурси,
- Евалуирање на донесените политики/интерни процедури/подзаконск акти и доколку се утврди за потребно нивно зајакнување,
- Одржување и унапредување на системот за управување со документи,
- Одржување на целокупаната ИТ опрема и информациските системи,
- Усогласување со принципите и стандардите на ИАИС

- **Зајакнување на супервизорската регулатива, овластувања, капацитети и вештини**

Супервизорските приоритети ќе бидат во насока на конзистентно идентификување и намалување на потенцијалните ризици за стабилноста, преземање навремени супервизорски мерки и дејствија, следење на солвентната и ликвидностата позиција на субјектите, откривање на нефер продажни практики и однесување. Во фокусот на супервизијата ќе бидат оперативниот, ликвидносниот ризик, ризикот од перење пари, кредитниот ризик, како и идентификување на нови ризици кои очекувано би можеле да произлезат од тековните процеси на дигитализација и воведување на современи технологии и ризици поврзани со безбедноста на информациските системи и управувањето со деловниот континуитет на субјектите предмет на супервизија. Теренска супервизија ќе се

спроведува согласно годишните планови подготвени врз основа на квалитативни и квантитативни показатели за секој субјект предмет на супервизија, додека вонтеренска супервизија ќе се спроведува континуирано.

Еден од предизвиците ќе биде воспоставување на супервизија базирана на ризици и унапредување на процесите на корпоративно управување во субјектите и ќе се спроведува преку:

- утврдување на рамка и процеси за прием, обработка и известување од направени анализи на информации и податоци, изработка на ризични профили на друштвата за осигурување, следење на развојот и управувањето со ризици во друштвата за осигурување и во зависност од таквите анализи и документирани процеси зголемување односно намалување на интензитетот на супервизиите на субјектите односно процесите,

- воспоставување на критериуми за проценка на соодветноста и интегритетот на лицата кои вршат клучни функции во друштвото за осигурување, како и иматели на квалификувано учество во друштво за осигурување, во кои критериуми јасно ќе бидат искажани очекувањата на АСО еден од клучните приоритети на раководењето и управувањето во друштвото за осигурување да биде интегрирањето на интересите на осигурениците и корисниците на осигурување во деловните политики на дизајнирање на осигурителните производи, промоција и продажба на осигурителни производи, прием, обработка и решавање на барања за надомест на штети и осигурени суми, и општото пазарно однесување,

- воспоставување на критериуми за проценка на соодветноста и интегритетот на лицата кои вршат работи на посредување и застапување во осигурување, било тоа да се во рамки на осигурително брокерски друштва, друштва за застапување во осигурување, банки, или самостојно како физички лица кои со договор за застапување вршат работи на застапување во осигурување. Во критериумите јасно ќе бидат искажани очекувањата на АСО при вршењето на дејноста на овие стручни лица да бидат јасно и недвосмислено интегрирани интересите на осигурениците и корисниците на осигурување.

На начинот на спроведување на супервизијата влијание ќе има и новата законска регулатива од аспект на поголема отчетност и транспарентност во работењето поврзано со заштита на правата на осигурениците и со нивното пазарно однесување. Заштитата на осигурениците ќе се прави и од аспект на проверка дали осигурителните производи одговараат на потребите на осигурениците, дали истите се нудат на фер и транспарентен начин и дали осигурениците ги имаат сите релевантни информации пред склучување на договорот за осигурување, како и дали се на соодветен начин третирани во периодот на траење на осигурувањето.

Главни активности и проекти:

- промена на основната законска регулатива со цел проширување на мандатот и инструментите на АСО да спроведува проактивен пристап на супервизија базирана на ризици;
- Следење на трендовите и оценка на ризиците во осигурителниот сектор,
- Воведување на алатки за спроведување на супервизија базирана на ризици,
- Зајакната континуирана обука на супервизорите од областа на сметководство, ревизија, ИТ предизвици, ризици проценка и управување,

- Спроведување на макропрудентна супервизија и начин на спроведување на макропрудентните инструменти и мерки на осигурителниот сектор,
- Утврдување на критериуми за проценка на соодветноста и интегритетот на лицата кои вршат работи на посредување и застапување во осигурување,
- Утврдување критериуми за проценка на соодветноста и интегритетот на лицата кои вршат клучни функции во друштвото за осигурување, како и иматели на квалификувано учество во друштво за осигурување,
- Проучување на општите, посебните и дополнителните услови за осигурување на друштвата за осигурување, финансиската состојба на друштвата за осигурување

- **Законска регулатива за осигурување и нејзини измени со цел хармонизирање на македонското со европското законодавство во областа на осигурувањето**

Заради целосно усогласување на македонското со европското законодавство од областа на осигурувањето, и зголемување на придонесот на осигурувањето во остварувањето на глобалните и националните цели за одржлив развој, во наредниот период, АСО ќе продолжи со транспонирање на:

- Директивата за Солвентност 2;
- Директивата за дистрибуција во осигурувањето;
- Меѓународниот стандард за финансиско известување 17 – Договори за осигурување;
- Европската регулатива и пракса за осигурување на моторни возила од одговорност и заштита на жртвите од сообраќајни незгоди во патниот сообраќај.

Оваа регулатива ќе воспостави нови правила и принципи на македонскиот осигурителен пазар, ќе продуцира поопсежни капитални барања за друштвата за осигурување, можност за давање нови услуги, поголема заштита на правата на осигурениците, зајакнување на процесот на корпоративно управување, поголема транспарентност и отчетност на пазарните субјекти.

Дополнително, огромен предизвик е и иднината на осигурителниот сектор во контекст на новите информациски технологии и процесите на дигитализација како и обврските кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската заедница и земјите–членки (ССА) како правна рамка која ги регулира односите на македонското со европското законодавство.

Во однос на стандардот кој се однесува на Договорите за осигурување – МСФИ 17, во претстојниот период АСО ќе презема подготвителни активности заради отпочнување на процесот на хармонизација и овозможување имплементација на стандардот во македонското законодавство.

Согласно Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци, АСО во соработка со Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) во претстојниот период ќе посвети внимание на подготовка на подзаконска регулатива од овој Закон.

Поврзано со воспоставување и развој на сеопфатен национален систем на земјоделското осигурување и обезбедување посигурно и поквалитетно осигурување од природни катастрофи, како одговор на влијанието на климатските промени, АСО ќе продолжи да дава поддршка на имплементацијата на националните политики чиј носител е Министерството за земјоделство,

шумарство и водостопанство. Во оваа насока, со своја екпертиза ќе придонесуваме во изготвување на соодветна законска рамка и поддршка за натамошна имплементација.

Во планираниот период АСО ќе продолжи да се придржува до определбата да ги следи и имплементира принципите, стандардите и добрите практики на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (ИАИС), Европскиот регулатор за осигурување и пензиско осигурување (ЕИОПА), Европската банка за обнова и развој-Меѓународната мрежа за финансиска едукација (ЕБРД-ИНФЕ).

Главни активности и проекти:

- Разгледување на можности за обезбедување на техничка помош и поддршка за градење на капацитети подготвени за примена на новите барања од директивите Солвентност 2 и Дистрибуција за осигурување;
- Воспоставување работна група која ќе работи на стандардот кој се однесува на Договорите за осигурување – МСФИ 17;
- Воспоставување работна група која ќе работи на идентификување на правилници/упатства во делот на осигурување кои треба да бидат изготвени согласно Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци,
- Зајакнување на содржината на правилникот за постапување по претставки и доколку има потреба изготвување на дополнителни насоки и упатства во овој сегмент,
- Соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство заради обезбедување поддршка во рамки на национални и регионални проекти,
- Соработка со Министерството за финасии во фазата на финализирање на новиот Закон за осигурување,
- Промена на законот за задолжително осигурување во сообраќајот со цел зголемување на заштитата на трети лица - жртви во сообраќајни незгоди во патен сообраќај, пазарно формирање на цената за осигурување од АО, и мандат на АСО за препознавање и рана интервенција на нарушување на солвентноста поради потценување на ризикот,
- Соработка со ИАИС заради хармонизирање со принципите и стандардите,
- Соработка со ЕБРД-ИНФЕ заради натамошно зајакнување на финансиската писменост, обезбедување поголем степен на финансиска вклученост и заштита на потрошувачи

- **Континуиран развој на македонскиот осигурителен пазар преку подигнување на свеста на јавноста за осигурувањето, улогата на финансиската едукација и користењето на технологијата во промовирање на финасиската инклузија и заштита на правата на осигурениците**

Во делот на заштита на потрошувачите, Агенцијата ќе постапува по добиени претставки од осигуреници, корисници на осигурување и трети оштетени лица со цел да се обезбеди квалитет на понудените осигурителни производи и фер однос кон потрошувачите. Во насока на зголемување на довербата на осигурениците, Агенцијата ќе ја промовира улогата на друштвата за осигурување и преку подигнување на осигурителната култура ќе придонесува финансиската писменост да стане дел од корпоративно управување на друштвата за осигурување. Особено ќе се промовира важноста

на посредниците како канал на дистрибуција на осигурителни производи и услуги имајќи предвид дека нивното добро однесување и професионалната компетентност се од суштинско значење за промовирање на довербата во осигуртелниот пазар и подигнување на свеста на населението за осигурителни прашања.

Позитивно влијание ќе има донесувањето на новата осигурителна легислатива во делот на заштита на правата на осигурениците и зголемување на довербата во осигурителниот систем. Со ова би се заокружил механизмот за заштита на правата на потрошувачите преку обезбедување квалитет на осигурителните производи кои ќе одговараат на потребите на осигурениците и ќе се нудат на фер и транспарентен начин, со навремено информирање на потрошувачите и со сите релевантни информации важни пред склучување на договорот за осигурување, но и информирање во текот на сервисирање на договорот.

Основен предуслов за поголема финансиска инклузија е стабилен, ефикасен финансиски систем и здрав и стабилен осигурителен пазар како сегмент од финансискиот систем. Во оваа насока, Агенцијата преку активности и мерки за развој на македонскиот осигурителен пазар ќе создава поголема осигурителна култура кај населението заради препознавање на предностите што ги носи осигурувањето како механизам за компензирање на потенцијални финансиски загуби од случувања на ризици, а особено ризиците кои произлегуваат од климатските промени.

Главни активности и проекти:

- Постапување по добиени претставки од осигуреници, корисници на осигурување и трети оштетени лица,
- Конзистентна соработка и транспарентна комуникација со сите заитересирани страни,
- Спроведување на активности согласно Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија,
- Спроведување на активности согласно Финтек стратегијата за регулатори,
- Спроведување на активности согласно склучените меморандуми за соработка со друштвата за осигурување и осигурително брокерските друштва во областа на финансиска писменост, финансиска инклузија и заштита на потрошувачи и интегрирано делување за зајакнување на финансиската инклузија и заштита на потрошувачите на осигурителниот пазар,
- Натамошно унапредување на корпоративното управување и транспарентноста на друштвата за осигурување,
- Организирање на обуки и испити за застапници и брокери во осигурувањето како важен канал на дистрибуција на осигурителните производи и услуги,
- Редовни објави за сите заинтересирани страни на сајтот на АСО и порталот за едукација,
- Соработка со образовните институции и наставниот кадар.

- **Соработка и транспарентна комуникација со засегнатите страни**

Вршењето на работи во надлежност на Агенцијата за супервизија на осигурување налага соработка со домашни надлежни органи и тела, регионални регулаторни и меѓународни институции.

АСО континуирано ќе ја проширува соработката преку потпишување на меморандуми за соработка, исто така, и со примена на повеќе видови комуникација и работа со повеќе соработници на домашно и меѓународно ниво, било преку проекти, организирање и присуство на заеднички настани, предавања, размена на искуства.

Како независно регулаторно тело со јавни овластувања, АСО ја има утврдено потребата од комуникација со сите засегнати страни и има должност да комуницира ефикасно со клиентите, целните групи, вработените, надлежните институции и јавноста.

Заради овозможување јасна и фокусирана комуникација со цел да се разбере важноста од почитување на легислативата и заложбата за зајакнување на своето присуство во јавноста, АСО:

- навремено ќе ги комуницира сите активности со јавноста;
- ќе обезбедува насоки за ефикасна и ефективна комуникација со целните групи;
- ќе ја зајакнува јавната свест дека ефикасната комуникација исклучително може да помогне за постигнување на целите на АСО;
- на јасен и избалансиран начин ќе ги пренесува клучните пораки и ставови до јавноста и целните групи;
- ќе утврдува поддршка на своите цели, планови и намери.

Главни активности и проекти:

- Иницирање на соработка со релевантни органи и институции и одржување на професионални релации,
- Транспарентна комуникација со сите заинтересирани страни,
- Прецизно поставување на релациии со медиумите,
- Проактивност на социјални мрежи,
- Мерење на задоволство од работењето на АСО,

- **Преодни и завршни одредби**

Стратегискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО), за периодот 2024-2026 година влегува во сила на денот на донесување, а ќе се применува од 1 јануари 2024 година.

Составен дел на овој план се главните активности и проекти за постигнување на стратешките цели.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ЕКСПЕРТИ**

Крсте Шајноски